# A CONTRIBUTION TOWARDS THE IDEOLOGY OF MRO IN 1897/1898
## Two English Documents from January 1898

**Stojko Stojkov, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**stojko.stojkov@ugd.edu.mk**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History
and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University,
Slovakia

**Abstract:**

The article re/publishes and provides commentary upon two documents from a British Foreign Offices and a related public proclamation in the newspaper "Political freedom", containing important information related to the early ideas of the Macedonian Revolutionary Organization. The documents, that I presented, on this occasion, in original (in English) and in translation in Macedonian, containing information about a Manifesto of the "Secret Macedonian Revolutionary Committee". In this article I focus my discussion on the questions of authorships and ideas of the Manifesto and their connection with Macedonian revolutionary organization (MRO). Placing them in the wider context, I provide argument in favor of a conclusion that this Manifesto is published by one of the numerous satellite "Secret Revolutionary committees" created by MRO in the period 1896 – 1898 in Bulgaria, and thus it reflects strongly upon the ideas of the Macedonian Revolutionary Organization.

**Keywords:**

Manifesto, Secret satellite committees, Macedonian Revolutionary Organization.

**Theme/s:**

Diplomatic history, History of Macedonia, History of the Macedonian Liberation Movement.

д-р Стојко Стојков

# ПРИЛОГ КОН ИДЕОЛОГИЈАТА НА МРО ВО 1897 / 1898 г.

## *Два англиски документи од јануари 1898 г.*

Во оваа статија објавувам во превод и оригинал две писма од англиските конзулати во Софија и Пловдив од јануари 1898 г. Првото е од конзулот во Софија J. Eliot во кое е приложен извештај на вице-конзулот во Пловдив A. C. Wratislaw, а темата – масовното растурање на Манифестот на Тајниот македонски револуционерен комитет во Софија и Пловдив. Во овие документи под името Централен македонски комитет се именува Врховниот комитет во Софија. Во тоа време постоењето на МРО останува длабока тајна, која е чувана по секоја цена. Сепак англиската дипломатија веќе е информирана како што се гледа од писмото на Елиот дека постои и друга тајна организација која ги контролира повеќето бунтовници и планира да ги префрли во Македонија во пролетта на 1898 г.

Програмите принципи на Манифестот опишани во телеграмата на Пловдивскиот конзулат се идентични со Програмата на Македонскиот таен револуционерен комитет објавена на 19 февруари 1898 г. во в. "Политическа Свобода", орган на Македоно-одринската социјалдемократска група, г. 1, бр. 2, с. 5 – 7 и во други весници.[1] Иако и во овој весник не е објавен полниот текст на Програмата / Манифест сепак тој содржи многу повеќе од посоченото од конзулите, а истовремено дозволува да се направат споредби, затоа овде го давам во оригинален ракопис и јазик клучниот дел кој кореспондира со цитираното од Пловдивскиот конзулат.

Во прашање е Тајниот македонски револуционерен комитет со центар во Пловдив, од кој подоцна се развива т. Нар. Женевска група. Поважно е прашањето дали овој Комитет делува независно или е поврзан со ТМОРО. Причина да се побара таква врска се две – името и

[1] За различните места во кои била објавен апелот, како и неговите современи изданија види кај Ванчо Ѓорѓиев, Апелот на Македонскиот таен револуционерен комитет од 1898, ГИНИ, XXXV, 1-2, 1991, с. 135, 136 (Апелот и Програмата се публикувани на с. 137 – 150).

идеите, кои кореспондираат со името и идеите од Уставот на ТМОРО, како што може да се види од следната споредба:

| Цели на ТМОРО според Уставот | Цели на ТМРК |
|---|---|
| Член 1. Тајната Македоно - Одринска Револуционерна Организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области.<br><br>Член 2. За постигнувањето на оваа цел Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди на национални раздори кои го расцепуваат и обессилуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател; дејствува за всадување на револуционерен дух и свест меѓу населението и ги употребува сите средства и усилби за поскорешното и своевремено вооружување на населението со сè што е неопходно за едно општо и сеопфатно востание<br><br>... Член 4. Член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец, кој не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството и кој ветува и се задолжува да биде корисен на револуционерното ослободително дело. | I. Пълна независимость и най-широка свобода за Македонския народъ, за да си нареди той самъ каквото обича управление.<br><br>II. Понеже Македония се населява отъ разни народности, Комитетътъ заявява, че нѣма да протежира никоя отъ тѣхъ отдѣлно въ врѣда на другитѣ; той нѣма да поощрява националниятъ имъ антагонизъмъ, а ще се труди да ги организира въ едно цѣло, за съсипването на турската власть въ Македония; и веднъжъ това постигнато, той прѣдоставя на самитѣ тѣхъ разрѣшението на въпросътъ; да се присъединятъ ли към нѣкоя отъ съсѣднитѣ държави, или да си образуватъ своя независима область.<br><br>III. При разрѣшаванието на този въпросъ, Комитетътъ не допуска никаква чужда намѣса; той иска населението само да се произнесе безъ нѣкакъвъ външненъ натискъ. …<br><br>V. Мирното турско население, не само, че не се счита за неприятель, но напротивъ - ще зависи отъ Комитетътъ да приеме, или не, помощьта му въ случай, че и то би заявило желание да дѣйствува заедно съ насъ за съсипванието на султановата неограничена власть.<br><br>- на всички шовинистически дѣйствия въ Македония, биле тѣ отъ българе, гърци, сърби или които и да сѫ други, нашитѣ комитетски работници сѫ длъжни да противодѣйствуватъ, а самитѣ дѣйци въ туй направление ще се прѣслѣдватъ, като най-голѣми народни врагове. |

Кон поврзаноста на овој Комитет со ТМОРО не насочува и информацијата на Пловдивскиот конзул дека тој бил посетен во март 1897 г. од некој господин „од името на тајна Македонска Организација", за која конзулот не се сомнева дека е идентична со авторот на манифестот, поради еднаквоста на целите и идеите и еднакво негативниот однос спрема бугарската влада и Врховниот комитет.

Можна хипотеза е дека ТМРК е дел од мрежата на помошните Тајни револуционерни комитети основани во Бугарија во колаборација со ЦК на МРО, меѓу офицерите и меѓу македонската емиграција. Уште во март - април 1896 г. кога ЦК започнал акција за самофинансирање преку заплашувачки писма во Македонија, во Пловдив бил формиран Македонски Централен Таен Револуционен Комитет со цел да собира помош за револуционерното дело во Македонија, кој изгледа бил поврзан со ЦК на МРО. Важно е дека документот објавен од овој комитет во 1896 г. има особини кои можат да се поврзат со првиот Устав на МРО направен по урнек на оној објавен од Захари Стојанов[2] и со тврдењата во спомените на повеќе дејци дека тие на почетокот биле „националисти". На сличен начин Манифестот од јануари 1898 г. кореспондира со Уставот на ТМОРО. Ова константна паралела зборува за тесна идејна поврзаност на Тајниот комитет во Пловдив со ЦК на МРО.

Тоа не бил единствениот таен Комитет поврзан со МРО – таа создава повеќе такви во Бугарија во 1896 – 1897 г. На иницијатива на Ѓорче Петров од 3 јули 1896 г. на 12 октомври истата година началникот на пунктот на МРО Никола Зографов создава Таен револуционерен комитет „Труд" во Ќустендил. Во протоколот по создавањето наоѓаме дека е во прашање „еден македонски комитет што треба да постои тајно" (потцртано во оригиналот), „да ги задоволува потребите на внатрешните комитети .... Овој комитет ќе биде директно потчинет на внатрешните т(ајни) комитети".[3] Ова потчинета на МРО организација наскоро основа „тајни комитети" во Велико Трново (почеток на април 1897), потоа во Сливен, Плевен, Софија, Видин, Лом, Силистра, Шумен, Казанлак, Хасково и др. Со полномошно бр. 3 од 5 март 1897 г. ЦК на МРО го официјализира вклучувањето на Тајниот комитет „Труд" кон „Внатрешната Организација".[4] Такви „тајни" комитети продолжуваат да се создаваат и функционираат и во 1898 г. За „тајни" офицерски комитети се зборува во извештај од Димитар Ризов од 18 март 1898 г. (т.е. два месеци после Манифестот), во него се посочува дека „поранешниот воен министер Рачо Петров, во компанија со еден голем македонски неранимајко наречен Ѓорче Петров ... составиле некаков си таен македонски

[2] Константин Пандев, *Национално-освободителното движение в Македония и Одринско 1878 – 1903* (София 1979), 119, 120.
[3] Георги Н. Георгиев, Офицерите от Тайния революционен комитет „Труд" (1896–1897 г.), *ВИС* (София 2008), 1, 32.
[4] Георгиев, Офицерите, 35.

комитет, во кој сакале да ангажираат бугарски офицери".[5] За истото пишува и Атанас Шопов од Солун во своите извештаи од 14 ноември 1897 и во февруари 1898.[6]

Големината на спроведената акција, која ги опфатила двата главни града на Бугарија и ангажирала толку луѓе и растурила толку многу летоци што ја предизвикала реакцијата на полицијата, која успеала да уапси „several" од спроведувачите, а исто така го свртела и вниманието на англиските конзулства во двата града, покажува дека организатор е поголема разгранета и добро организирана структура, а не изолирано младинско друштво. Всушност во овој период друштво со такво име би требало да биде под директна контрола или барем поврзано со МРО.

Навистина непосредниот распространител не била самата МРО, туку како што му кажале на Елиот авторот не е од некакво значење и власт. Но веднаш потоа искусниот дипломат досетливо прави асоцијација со постоењето на друга тајна и влијателна револуционерна организација – МРО.

Според тоа сосема е веројатно дека е во прашање програмски документ кој ги одразува идеите на МРО, а кој со цел да остане тајна постоењето на организацијата и поради одредена непријатност на застапените идеи за бугарските власти е издаден од сателитска организација во Бугарија. А тоа би довело до серија важни заклучоци.

Прво – идеите познати како идеи на ТМОРО, се веќе целосно оформени најдоцна во март 1897 г.[7] и поставени пред дилемата дали се тие оригинално на МРО или спротивно – на надворешно младинско друштво, од кои многу подоцна ги примила МРО имаме многу причини да веруваме во првото. Тоа сугерира дека Уставот на ТМОРО ако веќе не постоел барем неговите идеи се ставени во дело, нешто познато меѓу другото и од примањето на луѓе од сите народности во Организацијата, практика регистрирана веќе во учебната 1897/8 г. во Битолско и Костурско во однос на Власите (според спомените на Пандо Кљашев), а пак Татарчев истото го поврзува со промената на Уставот и отворање и навлегување на сите народности во МРО: „*меѓу нив први беа Власите...*"[8]

---

[5] Ванчо Ѓоргиев, *Слобода или смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 – 1903 година*, Табернакул (Скопје 2003), 268; Пандев, 171, 172.

[6] Пандев,171. Види и Ангел Джонев, *Кюстендил - военната столица на България през Първата световна война. Кюстендилци и Кюстендилският край във въоръжения конфликт (1915-1918)*, Регионален исторически музей Кюстендил (Кюстендил 2017), 18.

[7] Тука со голема доза претпазливост можат да се посочат писмата на Гоце Делчев до бископот Менини од 3 јули и 11 јули1898 г., и писмото на Менини до Конгрегацијата за пропаганда на верата од 12 јули 1898 г., во кои се одразени идеите на ТМОРО и органзиацијата е наречена „нашата ТМОРО" (0д Делчев) и „Тајната македоно-одринска револцуинионерна организација" (од Менини). *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава*, т. 1 (Скопје 1981), 345 – 348. За жал кредибилитетот на авторот кој ги објавил ги прави несигурни додека не бидат потврдени.

[8] Христо Тататрчев, *Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална същност* (София 1995), 26-27. За тоа кога станала пресвртот во овие идеи веројатно укажување можеме да најдеме во идејната еволуција на Тајниот комитет Труд, кој според првиот правилник од есента на 1896 г. предвидувал дека „Целта на Комитетот е подобрување судбината на нашите браќа Македонски Бугари во Турско" (Георгиев, 32), а во пролетта на 1897 г. Требало да се усогласи со програмните документи на МРО. На 4 мај 1897 била поставена комисија од тројца (Стрезов, Мигев и Зографов) која да ја исполни задачата.

Второ - името на МРО во 1896/7 го вклучува во себе си зборот Тајна, што се гледа не само од начинот на кој самата го нарекува својот ЦК,[9] туку и од имињата на организациите што ги основа од 1896 г понатаму во Бугарија, кои редовно го вклучуваат зборот Тајна во своето име. Исто така името на МРО во овој период веќе го вклучува и зборот Организација, како што се гледа од потврдата издадена од ЦК на МРО на 5 март 1897 г. во однос на ТРК Труд („Внатрешна организација“) и од Извештајот на Пловдивскиот конзул („тајна Македонска Организација“), а исто и во документи на МРО и на бугарската влада во периодот 1897 – 1899 г.[10]

Трето – МРО се обидувала во март 1897 г. да добие финансирање од Британската империја.

Четврто. Најдоцна во март 1897 г. е извршен пресврт во односите на МРО со бугарската влада. Последното може да се поврзе со познатото „разочарување“ во добраа волја на бугарската влада нешто јасно посочено од Ѓорче во неговите спомени, но исто така јасно видливо во писмата на Гоце Делчев од почетокот на април 1897 г. понатаму.[11] Разочарувањето е поврзано исто така и со преговорите меѓу Бугарија и Србија за поделба на зони на влијание во Македонија во февруари 1897 г., против која МРО реагира преку „Малешевски Балкан“ (весник пренесуван и ширен од МРО во Македонија во почетокот на 1897 г.)[12] во бр. 16, во познатата статија „Барем не пречете ни“,[13] во која можеме исто така јасно да ги видиме истите идеи на ТМОРО и на манифестот на ТМРК.

---

Резултатот предизвикал толку жестока расправија што дури се појавил предлог од сега комитетот да делува „јавно“ (Георгиев, 35). Една можност е дека судирот настанал имено поради вклучувањето на програмните цели на ТМОРО.

[9] Види повеќе за тоа прашање кај Ванчо Ѓорѓиев, *ВМРО 1893 – 1903, поглед низ документи*, Матица Македонска (Скопје 2013), 22-25.

[10] Како „Революционерната организација“ и „Организацијата“ ја наоѓаме повеќе пати во писмото на Матов до бугарскиот премиер од 27 септември 1898 г. Во април 1899 г. во писмо до Никола Зографски Гоце Делчев ја нарекува „внатрешната организација“. Организација е таа и во писмото на Ѓорче Петров до Бочуков од 5 ноември 1899 г., а истото го наоѓаме во насловот „Правиник на четите на организацијата“ од 1899 г. Според еден извештај на Шопов така ја нарекол и Даме Груев, а согласно извештај на Ризов од 20 јануари 1898 г. за барањата на ЦК на МРО до бугарската влада така била наречена таа и од ЦК на МРО – „революционерната организација“. Солунскиот трговски агент Шопов исто ја именува Организацијата во својата кореспонденција во 1898 г. Стоилов ја нарекува „Организацијата“ во свои писма до Ризов од 12 декември 1897 г., до Шопов од 25 април 1898 г., и во своето Окружно бр. 39 од 3 септември 1898 г. *(Гоце Делчев, Спомени, документи, материали,* С. 1978 г., с. 313; Ѓорѓиев, *ВМРО*, 131, 132, 134 – 143, 169; Пандев, 175, 176, 180; *Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893 – 1919 г.), Документи на централните ръководни органи*, т. 1, 1, София 2007, 152).

[11] Започнувајќи со писмото до Никола Малешевски од 4 април 1897 г. за Гоце зборот патриот веќе не е позитивна особина како порано, туку нешто за исмејување: „патриоти и патриотчиња“, „тукашните Македонци, кои со својот решителен патриотизам … одат да даваат материјал на шпионите“ (Гоце Делчев, *Писма и други материали*, БАН (София 1967), 146), а во писмо до Малешевски од 18 мај 1897 г. веќе се подигрува со “тукашниот патриотизам“ (Гоце Делчев, 1967, 159), понатаму зборува за „фалшиви и безчесни патриоти” (1898, Гоце Делчев, 1967, 284), а слично и во писмо до Никола Зографов од 24 март 1999 г. (Гоце Делчев, 1967, 101, 102). Судејќи од ова барем за Гоце патриотизмот како мерило и нешто позитивно се губи некаде меѓу почетокот на 1896 и април 1897 г., а тоа може да се поврзе со напуштањето на „национализмот“ кој довел до идеите на ТМОРО.

[12] Гоце Делчев, 1967, 68, писмо од 23 јануари 1897

[13] *Документи за борбата*, 334 - 336, види особено „ Ние не треба да правиме разлика меѓу нас на некакви Срби или Бугари, зашто сите ние сме пред сѐ Македонци, роби...“.

**Документи**

1898 March 1, 1898, Sofia, Mr. J. Elliot ….

Sofia

March 1, 1898

№ 30

Confidential

To the most Noble

The marquis of Salisbury, k.g.

London, 2-1285 b

My Lord

I have the honour to forward herewith a copy of a dispatch from Her Majesty's Vice Consul at Philippopolis, on the subject of the manifesto of a "secret Macedonian Revolutionary Committee" which was distributed there, as well as at Sofia, until it was stopped by the Police.

As far as I can learn, the author of the Manifesto are not person of any authority or importance. The Central Macedonian Committee is doing nothing and is believed to be sincerely convinced that the moment is unpropitious for revolutionary enterprises. I am told however, upon trustworthy authority, that there exist a second and more secret organization which is taking active measure to promote a rising in Macedonia in spring, and that under it auspices most of the members of insurgent or brigand bands who have been removed by order of the Government into the interior of Bulgaria, are returning to the neighbourhood of the frontier, which they intend to cross betimes, in order to forestall the strong precautionary measures which the Turks are expected to take before the opening of the usual season for incursions.

I have the honour to be

with the highest respect

My Lordship's

Most obedient

humble servant

signature (J. Elliot)

March 2

P.S. I have the honour to enclose a copy of a further dispatch from Mr. Wratislaw in conformation of his report of which a copy was enclosed in my dispatch.

*(FO 78 4951, Turkey (Bulgaria), From Elliot 1898, 80, 81)*

***

Copy

J. S. H. Elliot,

Sofia 4-1285 b

Philippopolis

January 25. 1898

№ 10

Sir

I have the honour to report that yesterday a large member of copies of a document purposing to be the Manifesto of the "Secret Macedonian Revolutionary Committee" were distributed throughout the …..[14] of Philippopolis. The local authorities arrested several of the persons engaged in the work of distribution, but they were released after a very short detention.

No one seems quite to know at present what the "Secret Macedonian Revolutionary Committee" is, but on perusing its Manifesto a very vague, …..[15] and flowery document, I was at once reminded of the gentleman who called upon me last March on behalf of a secret Macedonian Organisation, which he thought that Her Majesty's Government might be inclined to finance (my Report № 16 of March 23, 1897), and I have little doubt that the two organizations are identical.

Both the present Manifesto and the gentleman referred to state that their object is to free Macedonia in the interest of Macedonians themselves, not for the aggrandizement of any of the surrounding states, and both are equally uncomplimentary in their references to the Central Macedonian Committee and the Bulgarian Government.

The Manifesto calls on all the nations elements in the country to join the Committee carrying out its programme by the only means practicable, that is to say a revolution, but gives no indication as to the course to be followed by would-bi…….[16] The programme consists of these points.

1. Full independence and widest freedom for the "Macedonian nation".

2. This is not to be the exclusive advantage of any particular one of the various nationalities inhabiting the Province, but once the Turkish yoke is thrown off, they are to be let to join any of the surrounding states or not as they please.

3. In doing this, the Secret Committee will not allow of any foreign interference.

4. The Committee consider as enemies not only the Turkish authorities but anyone who tries to thwart it or injure the nation.

[14] Нечитко.
[15] Нечитко.
[16] Нечитко.

5. The peaceful Turkish inhabitants are not be treated as enemies, but the contrary, Committee may, if it thinks fit, accept their cooperation in doing away with the Sultans' authority.

No hint is given of the manner in which these objects will be attained, except….[17]

*(FO 78 4951, Turkey (Bulgaria), From Elliot 1898, 82 – 84)*

**Превод**

Софија, 1 март 1898,

№ 30

Доверливо

До најблагородниот маркиз на Салисбари, Лондон

Милорд

Ја имам честа да ви препратам копија од телеграмата на вице-конзулот на Нејзино Величество во Филипополис по темата за манифестот на "тајниот Македонски Револуционерен Комитет", кој беше распространуван таму, како што и во Софија, сè додека не беше запрен од Полицијата.

Доколку можам да дознам авторот на Манифестот не е лице од некаков авторитет или важност. Централниот Македонски Комитет не прави ништо и се верува дека е искрено убеден дека моментот е несоодветен за револуционерни потфати. Меѓутоа, од извор што заслужува доверба, ми е кажано дека постои втора и потајна организација која презема активни мерки за промовирање на востание во Македонија напролет, и дека под нејзино покровителство се повеќето членови на бунтовнички или разбојнички банди кои по наредба на Владата беа отстранети во внатрешноста на Бугарија, а се враќаат во близина до границата, која имаат намера да ја поминат навреме, за да ги испреварат силните претпазни мерки што се очекува да ги преземат Турците пред отворањето на вообичаената сезона за упади.

Чест ми е да бидам

Со најголема почит

На мојот господар

Најпокорен

Смирен слуга

Џ. Елиот

2 март

[17] За жал последната страна 84 b не била снимена поради тоа што имало само неколку зборови на неа и потписот.

ПС. Имам чест да приложам копија од препратената телеграма од г. Вратислав во потврда на неговиот извештај, чиј примерок беше приложен во мојата телеграма.

Копија, до Џ. С. Елиот, Софија

Филипополис, 25 јануари 1898

№ 10

Господине,

Имам чест да известам дека вчера голем број на копии од документ кој има за цел да биде Манифест на „Тајниот македонски револуционерен комитет“ беа дистрибуирани низ …..[18] Филипополис. Локалните власти уапсија неколку лица кои се занимаваа со распространувањето, но по многу краток притвор беа пуштени на слобода.

Се чини дека во моментов никој не знае што е „Тајниот македонски револуционерен комитет“, но разгледувајќи го неговиот Манифест еден многу нејасен, ….. и шарен документ, веднаш се потсетив на господинот кој ми се јави минатиот март во име на тајната Македонска Организација, кој мислеше дека владата на Нејзиното Височество би можела да биде склона да ја финансира (мојот Извештај бр. 16 од 23 март 1897 г.), и не се сомневам дека двете организации се идентични.

И овој Манифест и господинот што го спомнав, наведуваат дека нивната цел е ослободувањето на Македонија во интерес на самите Македонци, а не за зголемување на која било од околните држави, и двата се подеднакво нељубезни во нивните референци до Централниот македонски комитет и бугарската влада.

Манифестот ги повикува сите национални елементи во земјата да се приклучат на Комитетот кој ја спроведува својата програма со единствените изводливи средства, односно револуција, но не дава никакви индикации за курсот што треба да го следи планованата …….[19] Програмата се состои од овие точки.

1. Целосна независност и најширока слобода за „македонската нација“.

2. Нема да има ексклузивна предност на која било од различните националности што ја населуваат Провинцијата, туку штом турскиот јарем биде отфрлен, тие треба да се остават по своја желба да се присоединат или не кон некоја од околните држави.

3. Притоа, Тајниот комитет нема да дозволи какво било странско мешање.

4. Комитетот ги смета за непријатели не само турските власти туку и секој кој се обидува да го спречи или да и наштети на нацијата.

[18] Нечитко.
[19] Нечитко.

5. Мирните турските жители нема да бидат третирани како непријатели, туку напротив, Комитетот може, доколку смета дека е соодветно, да ја прифати нивната соработка за укинување на султанската власт.

Не се дава навестување за начинот на кој ќе се постигне оваа цел, освен…......[20]

**Възвание на ТМРК**

*В. Политическа свобода, г. 1, бр. 2, 19 февруари 1898 г., с. 5 – 7*

"Македонскиятъ Таенъ Революционенъ Комитетъ формулира исканията си така:

I. Пълна независимость и най-широка свобода за Македонския народъ, за да си нареди той самъ каквото обича управление.

II. Понеже Македония се населява отъ разни народности, Комитетътъ заявява, че нѣма да протежира никоя отъ тѣхъ отдѣлно въ врѣда на другитѣ; той нѣма да поощрява националниятъ имъ антагонизъмъ, а ще се труди да ги организира въ едно цѣло, за съсипването на турската власть въ Македония; и веднъжъ това постигнато, той прѣдоставя на самитѣ тѣхъ разрѣшението на въпросътъ; да се присъединятъ ли къмъ нѣкоя отъ съсѣднитѣ държави, или да си образуватъ своя независима областъ.

III. При разрѣшаванието на този въпросъ, Комитетътъ не допуска никаква чужда намѣса; той иска населението само да се произнесе безъ нѣкакъвъ външненъ натискъ.

IV. За неприятели Комитета счита не само турскитѣ власти, но и всички ония лица, които по нѣкакъвъ начинъ прѣчатъ на работитѣ му и прѣмо или косвено нанесатъ врѣда на народътъ и неговото освободително дѣло.

V. Мирното турско население, не само, че не се счита за неприятель, но напротивъ - ще зависи отъ Комитетътъ да приеме, или не, помощьта му въ случай, че и то би заявило желание да дѣйствува заедно съ насъ за съсипванието на султановата неограничена власть.

Нуждна забѣлѣжка.

Лишенъ отъ всѣкакви шовинистически претенции и патриотически замисли, Комитетътъ обѣвява че: "на всички шовинистически дѣйствия въ Македония, биле тѣ отъ българе, гърци, сърби или които и да сѫ други, нашитѣ комитетски работници сѫ длъжни да противодѣйствуватъ, а самитѣ дѣйци въ туй направление ще се прѣслѣдватъ, като най-голѣми народни врагове."

[20] Види белешка 17.